**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 17-09-2016
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4458 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Трет програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Опфатени се десет изданија на радио-дневникот од 16 часот, со вкупно времетраење на мониторираниот примерок од – 1 час 51 минута и 2 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРА - албански јазик | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:02:12 | 1,98 % |
| Влада на РМ | 00:17:45 | 15,99 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:47 | 0,71 % |
| СДСМ | 00:02:00 | 1,80 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:05 | 6,38 % |
| Претседател на РМ | 00:01:38 | 1,47 % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:04 | 3,66 % |
| Други субјекти | 00:36:37 | 32,98 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:16:51 | 15,18 % |
| Локална самоуправа | 00:01:39 | 1,49 % |
| Без субјекти | 00:01:24 | 1,26 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:37 | 0,56 % |
| Граѓански сектор | 00:12:06 | 10,90 % |
| Судство | 00:00:39 | 0,59 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:39 | 1,49 % |
| Привремена комисија | 00:00:58 | 0,87 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:04 | 0,96 % |
| Беса | 00:01:10 | 1,05 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:47 | 0,71 % |
| | **Вкупно: 01:51:02** | 100 % |

Свеченостите околу ватиканското прогласување на скопјанката Мајка Тереза за светица, како и свеченостите поврзани со 25 годишнината од македонската независност, како преокупации во септемвриската агенда не само на релевантните општествени и политички институции, туку и на низа граѓански здруженија и организации, го наметнаа и изборот на темите за новинарскиот ангажман на информативната редакција од Третиот сервис на Македонското радио што емитува програма на албански јазик. Од табелата, за застапеноста на субјектите во вестите, видливо е дека вкупниот обем на прилозите не го достигнува методолошкиот минимум за анализиран примерок од 2 часа. Сепак, и во таа минутажа е забележлив редуциран опфат активности на политички партии, податок што треба да се толкува како новинарска тенденција да бидат проследени само реално остварени и релевантни партиски активности и ставови, како и аналитички становишта на економски и на политиколошки експерти, наспроти такви што би биле изнудени од предрасуда за политички авторитет чие гледиште мора да се презентира независно од актуелните околности.

Во статистиката од графите – *„други субјекти“*, *„граѓански сектор“* и *„без субјекти“* - евидентирано е времето отстапено за – индивидуи поврзани со чествувањето на Мајка Тереза, стопанските комори, синдикати од различни општествени домени, пратеници од поранешните состави на Собранието, хуманитарни организации, граѓани од поплавените подрачја, учесници на филмскиот фестивал „Браќа Манаки“, студентски здруженија, адвокати и засегнати страни од судски постапки, здруженија на граѓани врз основа на различни општествени дејности или иницијативи.

***Сектор за програмски работи***